24967

11530.

● НОВА МАКЕДОНИЈА ● Среда 28 февруари 1979 год. ● стр. 10

## СРЕДБА ПРЕД ИЗЛОЖБА

# БАРАЊЕ НА МОЖНИТЕ РЕШЕНИЈА НА СЛИКАТА

### ВЕЧЕР ВО МУЗЕЈОТ НА СОВРЕМЕНАТА УМЕТНОСТ ЌЕ БИДЕ ОТВОРЕНА ИЗЛОЖБАТА НА МИОДРАГ ЃОРЃЕВИЌ, СО КОЈА ПРВПАТ ЌЕ И СЕ ПРЕТСТАВИ НА СКОПСКАТА ПУБЛИКА СО ТРИЕСЕТИНА ЛУМИНОКИНЕТИ

**ВЕЧЕР** во Музејот на современата уметност ќе биде отворена изложба на Миодраг Ѓорѓевиќ, кој првпат се претставува пред скопската публика со триесетина луминокинети. „Тоа што јас го работам не е фотографија. Тоа е слика правена со светлосен сноп што се движи по платно премачкано со чувствителна емулзија" — накусо ги објаснува експонатите самиот автор. Изложбата во 18 часот ќе ја отвори Кирил Темков, а разговорот за современиот ликовен миг, поаѓајќи од медиумот на фотографијата, што е предвиден по отворањето, ќе го води Викторија Васев Димеска.

Ѓорѓевиќ завршил медицина на Белградскиот универзитет, член е на Друштвото на ликовните и применетите уметници и дизајнерите на Србија, а професионално работи во областа на визуелните комуникации, фотографскиот дизајн и медицинската фотографија. Петнаесет пати излагал самостојно во земјата и странство и добитник е на повеќе значајни награди. При вечерашната средба, непосредно по неговото доаѓање во Скопје, тој говореше за своите истражувања, речиси пионерски, на полето на луминокинетите.

**— Наместо во масло, јас сликам со светлост. Моите дела ги тангираат и графиките и фотографиите и сликата, односно се коктел од сето тоа. Ова е мој придонес во тенденцијата на барање едно од можните решенија на сликата, што би се вклопила дијалектички во современиот економско — политички и научен момент на нашето општество. Можам да речам дека ова е една сосем некомерцијална активност, всушност, како и сè она што спаѓа во новите тенденции.** За една ваква изложба од триесетина експонати правам околу пет илјади обиди и експерименти. Продуктите на таа игра се всушност слика на мојата потсвест: на моите впечатоци, видувања, желби, откривања, конфликти, успеси, неуспеси. Или, визуелни знаци на чиста симулација на космички движења. Оваа изложба со која гостувам во вашиот Музеј на современа уметност, се разликува од моите досегашни, зашто на оваа правам некои експерименти со бојата, со таканаречена интервентна технологија.

С. Ѓ.